РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3908/5

31-01-2024 г./v.

(2023)

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен предмет оформен по пријава на непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 99 -та седница, продолжение одржано на ден 30.01.2024 година ја донесе следнава

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-3908/1 од 07.08.2023 година, со наводи за сомневање за нерегуларности во Дирекција за ------------------------ во постапка за набавка на ---------------------------------- објавен во јули 2023 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај е постапено од страна на друг орган кој е надлежен да постапува од областа, кој постапил во рамките на своите надлежности и донел акт/мислење од своја надлежност.

Предметот со број 12-3908/1 од 07.08.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 07.08.2023 година, доставена е пријава, по која е оформен предмет со број 12-3908/1 од 07.08.2023 година, со наводи за сомневање за нерегуларности во Дирекција за --------------------------- во постапка за набавка на --------------------------------- ---објавен во јули 2023 година. Во прилог е доставена тендерска документација и се бара ДКСК да се заинтересира по однос на пријавените наводи. Подносителот на пријавата смета дека во предметната постапка постоела класична корупција во Дирекцијата по однос на критериумот за избор на најповолен понудувач, што договорниот орган го поставил во тендерската документација во делот за елементот квалитет кој предвидувал број на испорачани униформи за годините 2020-2022 – 201 и повеќе, а кој според подносителот бил намерно така дефиниран заради остварување на лична цел на тие што ја одобриле објавата на оваа јавна набавка.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, ДКСК изврши проверки во системот Електронскиот систем на јавни набавки (ЕСЈН), а од Комисијата за заштита од конкуренција, побара стручно мислење во врска со пријавениот случај. По барањето е постапено и од извршениот увид во целокупната документација со која располага по предметот, ДКСК го констатира следново:

- Во конкретниот случај станува збор за јавна набавка објавена од Дирекција за ---------------------------------------- во ЕСЈН под оглас број ------------ од 27.07.2023 година за набавка на униформи ------------------ --------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------, во поедноставена отворена постапка. Во јавниот оглас, објавен за предметната постапка за јавна набавка, во ДЕЛ III.3) е наведено: „Критериум за доделување на договор: Најдобар однос помеѓу цената и квалитетот.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во предметната постапка била доставена една понуда како единиствена и најниска понуда во износ од 2.023.200,00 денари, а договор за јавна набавка бил склучен со број -------------- од 04.09.2023 година со Друштво за производство трговија и услуги ---------------- увоз-извоз Скопје, кој бил и единствениот понудувач во постапката.

- Комисијата за заштита на конкуренцијата, со цел утврдување на фактичка состојба и носење на мислење во рамките на законските надлежности, ја побарала документацијата за предметната јавна набавка од Дирекцијата за ------------------------- , по што на седница одржана на ден 21.12.2023 година дала Мислење, во кое нагласува дека Договорниот орган треба да го оформи предметот на набавката врз основа на објективни критериуми, и при утврдување на предметот на набавка, секогаш да ја предвиди можноста за еднаков пристап и третман на Економските оператори.

Од погоре констатираното, ДКСК утврди дека во предметниот случај е постапено од страна на друг орган кој е надлежен да постапува од областа, кој постапил во рамките на своите надлежности, побарал документација од договорниот орган и донел акт/мислење од своја надлежност. Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил : Г.Т. ,член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk